ЗАПИСНИК

од 55-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 05.11.2024 г.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител Николина Лозановска – советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 54-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци;
3. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик – Програма „Јавни работи“;
4. Разгледување и донесување на Одлука за примање на донација за изработка на Основен проект за изградба на новопроектирани улици во индустриската зона Новаци од ГИМ АД Скопје;
5. Разгледување на Известување од МИСТ-ЕТМ Битола;
6. Разгледување на Барање од Месна заедница на с. Зовиќ за набавка на градежен материјал 120м³ чакал;
7. Советнички прашања.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 55-та седница на Советот на Општина Новаци.

1 точка Разгледување и усвојување на Записникот од 54-та седница на Советот на Општина Новаци.

По разгледувањето, Записникот од 54-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за**.

2 точка Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци

По однос на втората точка, збор зеде Анета Киселоска - раководител која пред советниците образложи зошто е неопходно да се донесе оваа Одлука. Имено во 2020 год. била започната постапка за промена на општинските симболи (знаме и грб), која промена претходниот состав на Советот на Општина Новаци не ја реализирал во целост, од непознати причини. Во овој момент има потреба, таа постапка да се финализира и новите општински симболи кои биле усвоени со Одлука од претходниот Совет на Општина Новаци, да се вметнат во Статутот поради што е потребно да се измени и дополни Статутот на Општина Новаци.

По излагањето се разви дискусија меѓу советниците и Градоначалникот, во која советникот Наумче Смилевски предложи да не се прави измена и дополнување на Статутот т.е во Статутот да останат старите општински симболи (грбот и знамето). На ова, Градоначалникот објасни дека

веќезапочнатата постапка, задолжително треба да се заврши што значи дека измената и дополнувањето на Статутот мора да се финализира, уште повеќе поради фактот што Статутот е задолжителен документ за аплицирање во проекти финансирани од Европските фондови, програма ИПА ИНТЕРЕГГ за прекугранична соработка помеѓу РСМ и Р.Грција, на повикот кој истекува на 13.11.2024год.

На ова претседателот на Советот Славица Најдовска Стојковска го потсети Советникот Смилевски, дека има право да предложи иницијатива со која ќе започне постапка за повторно враќање во употреба на старите општински симболи, која ќе се разгледува на некоја наредна седница.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** донесе Одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци.

3 точка Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик – Програма „Јавни работи“;

Советниците ја разгледаа Одлуката која беше донесена на претходната седница и воочија разлика во износот кој Општина Новаци го одвојува од сопствениот буџет за реализација на овој проект. Имено поради зголемување на дневницата на ангажираните лица од 600,00 ден на 800,00 ден., се зголемија и вкупните трошоци а со тоа се зголеми и износ на кофинансирање.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик – Програма „Јавни работи“.

4 точка Разгледување и донесување на Одлука за примање на донација за изработка на Основен проект за изградба на новопроектирани улици во индустриската зона Новаци од ГИМ АД Скопје;

По однос на четвртата точка збор зеде Градоначалникот Стевановски кој даде детално објаснување за Основниот проект кој ГИМ АД Скопје го донира на Општина Новаци, а кој е од голема важност за Индустриската зона во Општина Новаци.

По кратката дискусија, Советот со **9 гласа за** донесе Одлука за примање на донација за изработка на Основен проект за изградба на новопроектирани улици во индустриската зона Новаци од ГИМ АД Скопје;

5 точка Разгледување на Известување од МИСТ-ЕТМ Битола;

Советниците го разгледаа Известувањето со кое МИСТ–ЕТМ Битола го повлекува барањето за надомест на патните трошоци и истовремено бара да се регулира престојот во просториите на Младинскиот културен Центар.

Советниците, по кратката дискусија донесоа заклучок дека нивното барање е прифатено, поради што двете страни ќе потпишат меморандум за соработка во кој јасно ќе бидат поставени правата и обврските на секоја договорна страна.

6 точка Разгледување на Барање од Месна заедница на с. Зовиќ за набавка на градежен материјал 120м³ чакал;

Советниците го разгледаа Барањето за набавка на градежен материјал од МЗ Зовиќ (чакал) кој им е неопходен за тампонирање на улицата која води од селото до селската црква која во зима е непроодна.

Советниците гласаа така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за Месната заедница на с. Зовиќ.

7 точка Советнички прашања.

Советникот Александар Канзуровски до Градоначалникот постави прашање до каде е постапката со продажба на градежните парцелите во с.Градешница.

Градоначалникот Стеваноски одговори дека наскоро треба да се објави Јавниот повик за нивна продажба.

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 55-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска